Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

---

# З А П И С Н И К

од Шестата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 9.10.2018 година

Скопје, октомври 2018 година

З А П И С Н И К
од Шестата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 9.10.2018 година

Седницата започна во 13:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Советот, Фани Каранфилова Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи, Софија Кузмановска, Министерство за економија, Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство, Сафет Незири, Министерство за образование и наука, Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа, Христина Конеска Бероска, Секретаријат за европски прашања, Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Марјан Николов, Центар за економски анализи Скопје, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје, Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Миљазим Мустафа, Министерство за правда, Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика, Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура, Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт, Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска, Македонско научно друштво Битола и Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје.

На седницата присуствуваа и: Виктор Митевски и Дејан Николовски, како замена за Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Ангелина Јовановиќ, како замена за Сашо Секуловски, Министерство за животна средина, Маргарита Матлиевска, како замена за Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје, Виктор Андонов и Сандра Андовска, Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори, Филип Чапароски, Национален демократски институт, Ирена Иванова,

Делегација на ЕУ и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Петтата седница на  Советот, одржана на 13.9.2018 година

1. Учество на јавноста во донесување одлуки во област на животната средина
2. Известување за реализација на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD)
3. Студија за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори
4. Предлог на членови од граѓански организации во Работната група за реформа на безбедносниот систем, со фокус на Управата за безбедност и контраразузнавање
5. Известување за статусот на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018 – 2020
6. Барање за престанување на членувањето во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, поднесено од Андреја Стојковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје, член од редот на граѓанските организации во областа „ЕУ интеграции и политики
7. Иницијатива на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за формирање на работна група за изработка на предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговорисо Европската Унија
8. Прашања и предлози

*

*   *

Советот без забелешки го усвои Записникот од Петтата седница, одржана на 13.09.2018 година.

По одделните точки од Дневниот ред, Советот ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1**

Ана Чоловиќ Лешоска накратко ја презентираше Информацијата за учеството на јавноста во процесот на изготвување на Стратегијата на развој на енергетиката на Република Македонија и барањето на граѓанските организации од 31.7.2018 година за активно вклучување во работните групи за изработка на документот.

Виктор Андонов од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори информираше дека во рамките на проект имплементиран од PWC (PricewaterhouseCoopers) во соработка со МАНУ за изработка на Стратегијата предвидено е формирање на посебна работна група составена од пет претставници на граѓански организации и претседавач.

Зоран Илиевски укажа дека формирањето посебна работна група само од претставници на граѓанските организации не е во согласност со заложбите за инклузивен процес.

Во рамките на истата точка од дневниот ред, Ана Чоловиќ Лешоска ја образложи Информацијата за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5-Скопје-Тетово-Кичево“, даде ретроспектива на процесот кој датира од 2009 година и побара ревидирање на документите со суштинско и ефективно вклучување на јавноста.

Ана Чоловиќ Лешоска ја презентираше и Информацијата за учеството на граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија“ со ретроспектива на настаните од 2011 година и отсуството на напредок во исполнувањето на препораката на Бернската Конвенција.

Виктор Андонов информираше дека во процесот на меѓуресорски консултации Министерството за животна средина и просторно планирање немало забелешки на текстот на Извештајот што е доставен до Секретаријатот на Бернската Конвенција..

**Заклучоци**:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со материјалите на Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-Свест за учество на јавноста во донесување одлуки во област на животната средина.
2. Се задолжува Ана Чоловиќ Лешоска до одржувањето на наредната седница на Советот да подготви Предлог-мислење на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по повод Информацијата за учеството на јавноста во процесот на изготвување на Стратегијата на развој на енергетиката на Република Македонија, Информацијата за учеството на јавноста во донесувањето одлука во врска со проектот „Национален гасовод-делница 5-Скопје-Тетово-Кичево“и Информацијата за учеството на

граѓанскиот сектор во донесувањето одлука во врска со случајот „Национален парк Маврово и планираните хидропроекти на неговата територија“.

**Точка 2**

Во врска со Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) Ели Чакар укажа дека одобрувањето на 3 од вкупно 82 проектни предлози на граѓанските организации по објавениот јавен повик за проекти во пет општини (Гостивар, Кавадарци, Куманово, Струмица и Ресен) е показател за потребата од зајакнување на капацитетите на организациите кои делуваат локално.

Ирена Иванова од Делегацијата на Европската Унија го потенцираше значењето на овој проект за создавање овозможувачка околина за структуриран дијалог на граѓанските организации со локалните власти, но забележа дека за оваа точка од дневниот ред било потребно да се достави покана до УНДП, како имплементатор на проектот.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска и членовите Зоран Илиески и Марјан Николов се согласија со потребата од обезбедување помош и поддршка за организациите кои делуваат локално, но укажаа дека ова е комплексно прашања и дека за утврдување препораки неопходна е анализа.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше за резултатите од објавениот повик до граѓанските организации во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) во пет општини (Гостивар, Кавадарци, Куманово, Струмица и Ресен).
2. Се задолжуваат Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и членовите на Советот од Министерството за локална самоуправа и Коалицијата на младински организации СЕГА Прилеп да одржат состанок со програмскиот менаџер за граѓанско општество на Делегацијата на Европската Унија, да ги разгледаат можностите и да предложат мерки за подобрување на капацитетите на организациите кои делуваат локално.

**Точка 3**

Марјан Николов накратко ги презентираше препораките од „Студијата за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори“, подготвена од Центарот за економски анализи и Finance Think и најави дека на 10.10.2018 година (среда), во 10:00 часот ќе се одржи презентација на студијата, при што ги покани членовите на Советот да присуствуваат на настанот.

Виктор Митевски од Министерството за финансии укажа дека министерството е подготвено преку партнерски однос со граѓанските организации

да ги креира политиките во даночната област, но искажа забелешки на текстот на студијата и на процесот на организирање на презентацијата.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Студијата за политики - Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија со посебен осврт и предлог-решенија во делот на авторските договори.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да ја достави студијата до Министерството за финансии, за да ги има во предвид заклучоците и препораките содржани во неа.

**Точка 4**

Славјанка Петровска информираше дека согласно Извештајот на Прибе (Оценување и препораки од Високата експертска група за системски прашања за владеењето на правото 2017 година) во рамките на реформите на безбедностиот систем, со фокус на Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за внатрешни работи ќе ѝ предложи на Владата на Република Македонија да формира работна група за реформа на безбедносен систем со фокус на УБК, во која освен претставниците од министерствата ќе бидат вклучени и тројца претставници на граѓански организации кои имаат искуство во областа. Таа предложи членовите во работната група од редот на граѓанските организации да бидат номинирани од страна на Советот.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа барањето за номинирање тројца членови од редот на граѓанските организации во Работната група за реформи на безбедносниот систем, со фокус на Управата за безбедност и контраразузнавање и како членови од граѓанскиот сектор ги предложи:

- проф. д-р Гордан Калајџиев, Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија;
- м-р Магдалена Ламбовска, Здружение за истражување на политики Аналитика;
- Александар Стојановски, Евротинк - Центар за европски стратегии.

**Точка 5**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија информираше дека текстот на Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 година беше одложен од дневен ред на 88. седница на Владата, одржана на 11.9.2018 година, поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии. По средбата помеѓу Канцеларијата

на претседателот на Владата на Република Македонија и министерот за финансии, одржана на 5.10.2018 година, усогласени се ставовите, односно мерките 5 и 6 што се однесуваат на измени на Законот за игри на среќа и забавни игри и воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти, остануваат формулирани согласно мислењето на Советот од јули 2018 година, а Предлог-стратегијата е повторно ставена на дневен редна седница на Владата на 9.10.2018 година.

Виктор Митевски од Министерството за финансии појасни дека министерството имало забелешки на мерката 6 бидејќи при поднесувањето на Предлог-стратегијата не била извршена проценка на фискалните импликации по Буџетот на Република Македонија.

**Заклучок:**

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, по усвојувањето, Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 година да ја објави на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk и да ја достави до членовите на Советот.

## Точка 6

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска, ги информираше членовите на Советот дека е доставено писмено барање од Андреја Стојковски за престанување на членувањето во Советот. Во барањето е наведено дека од 31 август 2018 година тој повеќе не е вработен во Евротинк - Центар за европски стратегии, а претходно веќе има поднесено оставка на функцијата претседател на организацијата. Во меѓувреме се придружил на Главниот преговарачки тим за пристапување во Европската Унија во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и смета дека повеќе не ги исполнува условите за членување во Советот, бидејќи не го претставува граѓанското општество.

Советот констатираше дека на Андреја Стојковски му престанува членувањето во Советот со денот на одржувањето на оваа седница и заклучи дека е потребно Одделението за соработка со невладини организации да објави јавен повик за избор на член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на организации, во областа „ЕУ интеграции и политики“.

За учество во работата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат при изготвување на извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови во областа „ЕУ интеграции и политики“ се пријавија: Ирена Цветковиќ, Елизабета Божиновска и Јане Чаловски.

Заклучоци:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа барањето на Андреја Стојковски за престанување на членување во Советот.
2. Советот констатира дека на Андреја Стојковски, член на Советот од редот на организациите во областа „ЕУ интеграции и политики“, му престанува членувањето во Советот на 9.10.2018 година.
3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да објави јавен повик за избор на член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на организациите во областа „ЕУ интеграции и политики“.
4. Се задолжуваат Ирена Цветковиќ, Елизабета Божиновска и Јане Чаловски да присуствуваат при изготвување на извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови во областа „ЕУ интеграции и политики“.

## Точка 7

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска, по повод започнувањето на скрининг процесот, преку презентација на првото Поглавје 23 – правосудство и фундаментални права, посочи дека е потребно Советот да и предложи на Владата на Република Македонија предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија.

За членови на работната група која ќе изработи предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија се пријавија: Фани Каранфилова Пановска, Ана Чоловиќ Лешоска, Уранија Пировска, Марјан Николов, Сабина Факиќ, Лилјана Јоноски и Христина Конеска Бероска.

Заклучок:

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор формира Работна група за изработка на предлог модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија, во состав:

- Фани Каранфилова Пановска
- Ана Чоловиќ Лешоска
- Уранија Пировска
- Марјан Николов
- Сабина Факиќ
- Лилјана Јоноски
- Христина Конеска Бероска.

**Точка 8**

Уранија Пировска ги информираше членовите на Советот дека за наредната седница ќе достави два материјали: Информација за потребата од добивање податоци од Министерството за внатрешни работи во врска со нападите кон ЛГБТИ заедницата и Информација за поттикнувањето на насилство како последица на говорот на омраза.

*

*    *

Седницата заврши во 15:20 часот.

Наредната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе се одржи на 19.11.2018 година.

Претседател на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: м-р Елпида Петковска и Загорка Видоевска
Контролирал: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска